


По повод 13 септември 2015 година, кога се навршуваат 20 години од потпишувањето на Привремената спогодба во ОН, со која требаше да се нормализираат односите меѓу Република Грција и Македонија, Обединетата македонска дијаспора повика македонската Влада да ги напушти преговорите кои се водат со посредство на медијаторот на ООН Метју Нимиц.

На 13 септември 1995 година во Њујорк беше потпишана Привремената спогодба. Со овој договор, Македонија се согласи да со смени своето знаме (ѕвездата од Кутлеш) и да го пополни Уставот во делот од преамбулата каде што се вели дека Македонија нема никакви територијални претензии кон ниту еден од своите соседи. Грција пак се обврза да не го попречува зачленувањето на Македонија во меѓународните монетарни институции, ЕУ, НАТО, ОБСЕ и други под прифатената времена референца. Исто така до договорот е предвидено дека Македонија може да бара да биде зачленета под уставно име, но, Грција го задржува правото на блокада на приемот на земјата ако не е под времената референца.

Од тогаш до денес изминаа 20 години на јалови преговори за името, од кои Грција направи фарса. Додека се преправаше дека преговара, Грција ја блокираше Македонија да стане членка дури кога таа бараше тоа да го направи под привремената референца. Сепак, во овој период повеќе од 135 земји ја признаа Република Македонија под уставно име.

Обединетата македонска дијаспора (ОМД) во врска со ова прашање има непоколеблив

став уште од самото свое основање (2004). Според неа, сега е крајно време, трајно да се прекинат “преговорите“ со Грција околу името на Македонија. Тие бараат од претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски на претстојното Генерално собрание на ОН, на 2 октомври, да објави дека Македонија засекогаш се повлекува од оваа фарса “преговори“.

Силно се верува дека се` додека Македонија не го превземе овој чекор, актерот на оваа фарса и заведените од него, ќе продолжат да го негираат македонскиот идентитет и името, како и правото на национална држава.

Македонците од македонската дијаспора која е и најголем инвеститор во економијата на земјата и во иднината, како што велат од ОМД, насекаде во светот внимателно ќе го следат говорот на премиерот и очекуваат од него да покаже лидерство.

ОМД во својот повик до македонското раководство, истовремено ја потсетува македонската јавност за сето она со што Македонија се соочи од страна на својот сосед Грција од своето осамостојување во 1991 година до денес.

Таа потсетува дека Грција го блокираше членството на Македонија во Обединетите нации, дека Грција од 1992 до 1995 година воведе економско ембарго за Македонија и покрај притисокот на Европската заедница тоа да биде прекинато. По приемот на Македонија во ОН под времената референца, Грција одби да ја прифати Република Македонија во официјалниот адресар под буквата М. Во 1995 година Македонија беше принудена да ја прифати времената спогодба и да го смени своето знаме - симболот за Македонците и да го смени Уставот под притисок на Грција.

ОМД исто така потсетува дека во 2008 година Грција го блокираше членството на Македонија во НАТО, спротивно на член 11 од Привремената спогодба на ОН, наведувајќи ирендетизам како главна причина. Во 2009 година, Грција ја блокира Македонија за добивање датум за почеток на пристапните преговори за членство во ЕУ, а во 2011 година, Меѓународниот суд на правдата (МСП) гласаше во корист на Република Македонија, потврдувајќи дека Грција ја прекршила привремената спогодба од 1995 година, со ставањето вето за приемот на Македонија во НАТО.

Сето ова ќе резултира со внатрешните проблеми во Македонија. Како што велат од ОМД, „како резултат на активностите на Грција, како и инертноста на САД, ЕУ и НАТО да изврши притисок врз Грција за да Македонија си го обезбеди заслуженото место“. Тие сметаат дека, пристапот на Европа кон Македонија е непринципиелен и нелегален.

За ОМД, добрососедските односи се двонасочна улица. Како што велат, не може да се биде добар сосед, доколку едниот сосед на другиот не му го признавате правото на самоопределување, ниту пак е оправдано ако другиот му ја  поткопува куќата на својот сосед.

Меѓу другото, на крај од своето обраќање на ОМД вели дека таа никогаш повеќе не била убедена во потребата Македонците да се обединат и да работат заедно за да се изгради уште посигурна, слободна, демократска и просперитетна татковина. На крај тие ќе посочат дека „Нашата иднина е во наши раце – ајде да се осигура дека таа е светла“.

***Македонска нација***